Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел дневните настани 25.04.2022

На 24.04.2022 во 22.05 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Д.Р.(19) од Велес затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Исто така, при претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена марихуана и дигитална вага. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.04.2022, полициски службеници од Полициската станица Центар ги лишиле од слобода Ш.Љ.(20) и еден малолетник, двајцата од Скопје. Тие биле затекнати при извршување „тешка кражба" во објект на правно лице на ул.„Македонија". Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот. Лицата биле приведени во полициска станица и по целосно расчистување и документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава по член 236 од Кривичниот законик.

На 24.04.2022 во 14.40 часот на локалниот пат с.Велешта-с.Долна Белица, струшко, полициски службеници од Полициската станица Струга го лишиле од слобода Х.А.(56) од Република Албанија. Тој бил затекнат при извршување кражба во плац за авто делови. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот, а лицето било приведено во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.04.2022 во 14.00 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Д.М.(19) од Скопје и Е.Ј.(26) од Велес. Тие се сомничат дека периодот од 15.00 часот на ден 22.04.2022 до 11.00 часот на 24.04.2022 од имот во с.Отовица, велешко, сопственост на К.Б.(77) од Скопје, одзеле повеќе предмети. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот, а лицата биле приведени во полициска станица. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (25.04.2022) во 03.15 часот на ул.„Марко Цепенков" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода Н.У.(43) од Прилеп. Тој се сомнича дека извршил кривично дело „кражба" и кај него биле пронајдени повеќе предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.04.2022 во 17.45 часот на ул.„Варшавска" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Карпош го лишиле од слобода М.Н.(38) од с.Кучевиште, скопско, затоа што кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.04.2022 во 23.10 часот на ул.„Прилепски бранители" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода И.Б.(37) и Д.В.(39), двајцата од Прилеп, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.04.2022 во 02.40 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода А.Д.(19) од Куманово затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.04.2022 во 01.45 часот на ул.„Ленинова" во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.Д.(24) од Велес поради сомнение за сторено кривично дело по член 215 од Кривичниот законик. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.04.2022 во Велес, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Љ.С.(20) од с.Чолошево, Р.К.(23) од Велес и Л.С.(24) од с.Долно Заболчиште, општина Чашка, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.04.2022 во 23.50 часот на граничен премин „Табановце", полициски службеници го лишиле од слобода В.Ј.(56) од Република Србија затоа што при извршени проверки било констатирано дека возилото „мерцедес" со полски национални ознаки, кое го управувал, било предмет на потрага по Интерпол Варшава. Лицето и возилото биле предадени на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 24.04.2022 околу 19.00 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека на улица „Маркс Енгелсова" во Струга се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „форд фокус" со струшки регистарски ознаки, управувано од Б.С.(46).од Струга и мотоцикл „Јамаха" со струшки регистарски ознаки, управуван од Х.П.(25) од Струга. Во несреќата со тешки телесни повреди со здобил мотоциклистот, констатирани во Медицински центар Струга. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Струга.

На 24.04.2022 во 09.25 часот во СВР Струмица било пријавено дека на крстосницата од ул.„Крушевска Република", ул.„Младинска" во Струмица, патничко возило „пежо" со струмички регистарски ознаки, управувано од Б.Ј.(68) од Струмица, удрило во З.Ј.(65) од Струмица. Во несреќата. З.Ј. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа од СВР Струмица.

На 24.04.2022 околу 20.00 часот во близина на локалниот пат с.Стојаково - Богданци, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор „Богородица" го лишиле од слобода Џ.А.(27) од с.Црнилиште, општина Долнени, затоа што во возилото „пежо 407" со бугарски национални ознаки, кое го управувал, биле пронајдени мигранти. Околу 19.30 часот на истата локација, полициските службеници забележале како од неговото возило и од возило „опел вектра" со бугарски национални ознаки излегуваат вкупно 18 мигранти(4 од Пакистан и 14 од Сирија). По преземени мерки, мигрантите и возилата биле обезбедени, а возачите се дале во бегство, но набргу потоа, Џ.А. бил пронајден и лишен од слобода, а се преземаат мерки дополнителни мерки за целосно расчистување на случајот. По целосно документирање на случајот, во координација со Јавен обвинител, ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 25.04.2022 во 00.25 часот во Скопје, полициски службеници ја лишиле од слобода М.Б.(26) од Скопје затоа што во домот со остар предмет и нанела повреди на нејзината мајка и се однесувала агресивно кон членовите на семејството и полициските службеници кои вршеле службени дејствија. Таа била приведена во полициска станица и по целосно документирање на случајот против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.04.2022 во 15.20 часот на ул.,,Борка Угот" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода М.Т.(32) од Прилеп затоа што физички ја нападнал неговата поранешна 26-годишна сопруга. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.04.2022 во 23.55 часот на ул.„Зелен Пазар" во Кавадарци, полициски службеници од ОВР Кавадарци ги лишиле од слобода Б.М.(22) и М.Ј.(29), двајцата од Кавадарци, затоа што околу 23.30 часот оштетиле инвентар во угостителски објект на истата улица и се обиделе со остар предмет да го нападнат В.Р.(32) од Кавадарци. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.04.2022 во 07.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Радослав Петковски" бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Б.Д.(39) од една страна и К.С.(32) и Д.Д.(22) од друга страна, сите од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 25.04.2022 во 00.01 часот во СВР Скопје, А.Б.(47) од Скопје пријавил дека на .24.04.2022 во 23.00 часот на ул.„Јужноморавски бригади" неговиот син и внук биле физички нападнати од повеќе лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.04.2022 околу 19.30 часот во ОВР Прилеп било пријавено дека на ул.„Борка Јорданоски" во Прилеп настанала физичка пресметка помеѓу лицата И.К. и Д.Т., двајцата од Прилеп. По целосно докумтеирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.04.2022 околу 23.00 часот во СВР Скопје, Е.С.(49) од Скопје пријавила дека на 23.04.2022 околу 16.30 часто на ул.„376" нејзината ќерка била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.04.2022 во 22.10 часот во СВР Битола, А.С.(22) од Битола, со живеалиште во с. Новаци, пријавил дека 19.00 часот на ул.„Бистра" во Битола бил физички нападнат од Р.М.од Битола. По документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 24.04.2022 во 17.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека во двор А.А.(43) од Скопје физички ја нападнал А.А.(20) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.04.2022 во 10.00 часот во ОВР-Прилеп, Т.С.Т.(34) од Прилеп пријавила дека околу 08.45 часот на новата автобуска станица во Прилеп, таа и нејзиниот сопруг Ф.Т. биле физички нападнати од едно лице- кондуктер во автобус. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.04.2022 во 14.00 часот во Полициската станица Гостивар, Т.Т.(18) од Гостивар пријавил дека околу 05.40 часот на ул.„Живко Брајкоски" бил физички нападнат од С.И. од Гостивар. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.04.2022 во 04.15 часот во ОВР Радовиш, М.В. од Радовиш пријавил дека околу 03.20 часот на улица ,,Илија Алексов" бил физички нападнат од М.А. од Радовиш. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.04.2022 во 13.21 часот во СВР Скопје, Ж.Р.(57) од Скопје пријавил дека околу 13.20 часот на ул.„Доситеј Обрадовиќ" бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.04.2022 во 03.00 часот во Полициската станица Кочани, С.С.(35) и З.Н.(39), двајцата од Кочани, пријавиле дека околу 01.30 часот на ул.„Тодосија Паунов" во Кочани, по претходна вербална расправија, Б.С.(35) од Кочани им се заканил со огнено оружје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.04.2022 во 11.30 часот во Полициската станица Прилеп, Д.Ј.(37) од Прилеп пријавил дека од домот се оддалечила неговата сопруга П.А.(23). Тој се сомнева дека е можно да е во Штип или Скопје, кај нејзини роднини. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет